РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1270/3
21.07.2020 год.
КОЧАНИ

Друштво за производство,трговија и услуги
РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 189-2/20
14.07.2020 год.
Кочани

# ДОГОВОР

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул. „Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од одговорното лице на Договорниот орган - Градоначалникот на општина Кочани, Николчо Илијев (во натамошниот текст: **Купувач) и**

2. **Друштво за производство,трговија и услуги РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани,** со седиште на ул."Ленинова" б.б., Кочани, ДБ МК4013001114050 и ЕМБС: 5540232, жиро с-ка 210055402320157-НЛБ Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Татјана Величкова (во понатамошниот текст: **Продавач).**

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка е набавка на стоки, и тоа за:

**Набавка на средства и опрема за дезинфекција за спречување зараза од Коронавирус-Ковид 19**

**ДЕЛ1. Набавка на средства за дезинфекција за спречување зараза од Коронавирус-Ковид 19**
**ДЕЛ2. Набавка на опрема за дезинфекција за спречување зараза од Коронавирус-Ковид 19**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на Оглас бр.08774/2020 објавен на ЕСЈН, постапка која се спроведува преку ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 17.06.2020 год.

**Член 2**

Вкупната вредност на овој договор согласно одлуката за јавна набавка изнесува 381.355,93ден. без ДДВ, односно 450.000,00 ден. со ДДВ, од кои за дел 1- 220.338,98 денари без ДДВ, за дел 2-161.016,95 денари без ДДВ. Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кочани за 2020 и 2021 год.

Единечните цени за ДЕЛ1 од предметот на набавка се намалени согласно извештајот од е-аукцијата, а за ДЕЛ2 согласно известување доставено од Продавачот бр.154/20 од 06.07.2020 год.

Листите на цени се составен дел на овој Договор.

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со фактура и испратница, задолжително потпишана од претставници на двете договорни страни во рок од 30 дена од приемот на фактурата со испратницата, за стварно испорачани видови и количини на стоки, согласно техничката спецификација, а по единечни цени без ДДВ, утврдени во овој договор.
ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Испратницата во смисла на чл.3 ст.1 од овој Договор е должен да ја издаде Продавачот и истата треба да е потпишана од овластено/задолжено лице кај Купувачот и овластено лице на Продавачот или Продавачот да издаде потврда за прием на стоката која задолжително треба да се приложи кон фактурата.

Доколку доставената фактура не ја содржи придружната документација, истата нема да се реализира и ќе му се врати на Продавачот.

Друштво за производство, трговија и услуги
РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз

**Член 4**

Стоките предмет на договорот за јавната набавка ќе се испорачуваат на следниот начин:
- Набавката ќе се врши сукцесивно, согласно потребите на Купувачот и по барање/ нарачка од Купувачот.
- Локација/место на испорака: административна зграда на Општина Кочани.
- Рок на испорака: најмногу до 24 часа, сметано од денот на нарачката.

Продавачот е должен стоките да ги испорача во определениот рок до утврденото место на испорака- административна зграда на Општина Кочани.

Нарачката ќе се врши на еден од следните начини:
- со електронски средства на пријавена е-меил адреса на носителот на набавката,
- преку телефон или
- по пошта.

Трошоците за испорака на стоките до местото на испорака се на товар на Продавачот.

За ДЕЛ2 на предеметот на набавка Продавачот има обврска истата да ја монтира во рок од 2 (два) дена од писмено барање на Купувачот.

Купувачот орган не е обврзан да ги набави сите видови на стоки опишани во техничката спецификација. Средствата за дезинфекција од ДЕЛ 1 од предметот на набавака и опремата за дезинфекција од ДЕЛ 2 од предметот на набавка ќе се набавува во случај на потреба од такви средства и опрема по барање на Купувачот, а во зависност со ширење на пандемијата со корона вирусот.

**Член 5**

Квалитативен и квантитативен прием на стоката од чл. 1 од овој Договор врши Купувачот, со документ (испратницата) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

Продавачот се обврзува стоката – предмет на набавка по овој Договор, да ја испорача во потполно функционална состојба.

Овластен/задолжен претставник на Купувачот ќе присуствува при испораката и точната бројност, физичка и функционална состојба на стоката, согласно конечната понуда на Купувачот.

Купувачот е должен испорачаната стока да ја прегледа на вообичаен начин за да утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни Купувачот е должен своите забелешки поради видливи недостатоци да му ги соопшти на Продавачот.

**Член 6**

Продавачот одговара за материјалните недостатоци на стоката што таа ги имала во моментот на преминувањето на ризикот врз Купувачот, без оглед дали тоа му било познато.

Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Купувачот ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 7**

Недостаток постои:

1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Купувачот, а која му била позната на Продавачот или морала да му биде позната;

3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани

**Член 8**

Купувачот кој навремено и уредно го известил Продавачот за недостатокот може:
1) да бара од Продавачот да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока без недостаток (исполнување на договорот) и/или
2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Купувачот има право и на надомест на штетата. Покрај тоа и независно од тоа, Продавачот му одговара на Купувачот и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Член 9**

Купувачот може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Продавачот дополнителен примерен рок од 3/три/ дена за исполнување на договорот.

Купувачот може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Продавачот, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Продавачот не ќе може да го исполни договорот ниту во дополнителниот рок.

**Член 10**

Ако Продавачот во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но Купувачот може да го одржи ако без одлагање му изјави на Продавачот дека договорот го одржува во сила.

**Член 11**

Кога само дел од предадената стока има недостатоци, или кога е предаден само дел од стоката, односно помало количество од договореното, Купувачот може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Купувачот може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Купувачот инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост.

**Член 12**

Раскинувањето на договорот поради недостаток на стоката произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување.

Купувачот му должи на Продавачот надомест за користа од стоката и кога му е невозможно да го врати целиот или еден негов дел, а договорот е сепак раскинат.

**Член 13**

Во случај на доцнење со испорака на стоките во конкретната нарачка од страна на Продавачот, Купувачот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,1 % од вредноста на неиспорачаната стока за секој започнат ден, за првите два дена, односно 0,5% за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Купувачот има право по претходно доставено писмено известување до Продавачот, по дополнително оставен рок од 1 /еден/ ден, да го раскине Договорот со проста изјава.

Во случај на ст. 3 од овој член, Продавачот е должен да му ја надомести штетата на Купувачот.

**Член 14**

Времетраење на важност на овој договор е 12 месеци, сметано од денот на склучувањето, или до исцрпување на вредноста на договорот.

**Член 15**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни, и се во согласност со Законот за јавните набавки и позитивните законски прописи во РСМ.

**Член 16**

За евентуален спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 17**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 /четири/ примерока за Купувачот, а 2 /два/ примерока за Продавачот и истиот стапува на сила со денот на неговото склучување.

*за Продавачот,*
*Управител,*

*( Татјана Величкова )*

*за Купувачот,*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

Составен дел на овој Договор се :
- Листи на цени за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*

ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА

ДЕЛ1. Набавка на средства за дезинфекција за спречување зараза од Коронавирус-Ковид 19

| Ред. бр. | Вид на стока (вид на средство за дезинфекција) | Пакување - Ед.мерка-парче | Единична количина од парче (пакување) | Единична цена без ддв | ДДВ | Единечна цена со вклучен ддв | Да се наведе **назив на стоката** која ја понудува понудувачот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Течен концентрат за чистење и за дезинфекција 5% Состав: 100ml раствор содржи: Бензалколиум хлорид 5,0 g Помошни состојки: Етанол 96%, мирисна компонента. Дејство: Бактерицид- вклучувајки ги и Straphylococcus aureus осетлив на метицилин (MSSA), Straphylococcus aureus резистентен на метицилин (MRSA), Pseudomonas aeruginosa, Escherichia coli и Enterococcus faecalis; Фунгицид – вклучувајки ги и Candidia albicans и Aspergillus niger; Вируцид – вклучувајки ги и HIV, influenza virus, Herpes simplex, SARS и др. **Пакување(парче): пластичен канистер од 10л. -парче** | пакување од 10 литра - парче | парче | 2058,70 | 370,57 | 2429,27 | Дизентал 5% концентрат, Алкалоид |
| 2 | Полиалкохолен антисептичен раствор за дезинфекција на раце со пумпа Состав: 100 ml раствор содржи:Етанол 46,0 g 2-Пропанол 25,0 g Дејство: Бактерицид (вклучувајки ја и MRSA ), | пакување од 500 мл.- парче | парче | 251,62 | 45,29 | 296,91 | Екосал, Алкалоид |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Туберкулоцид,фунгицид и вируцид (HBV,HIV,HCV,Rota virus,influenza virus и др.) **Пакување од 500мл.-парче** | | | | | | |
| 3 | Нитрилни ракавици за еднократна употреба сини, нестерилни, со кружен завршеток, без пудра/талк за контакт со прехранбени производи или како медицински ракавици за преглед, во повеќе големини: S, M, L, XL | 100 броја во едно - пакување | пакување | 622,19 | 111,99 | 734,18 | Пластик, Бугарија |
| 4 | Гел за дезинфекција на раце антибактериски и антивирусен за брза дезинфекција на раце без користење на вода и сапун, пакување 500мл.-парче, со пумпа | парче | парче | 109,80 | 19,76 | 129,56 | Средство за дезинфекција на раце, Органик Хом, Македонија |
| 5 | Заштитни еднослојни маски за лице за еднократна употреба со ластиче | 50 броја во едно пакување | пакување | 777,73 | 139,99 | 917,72 | Еита Текс, Македонија |
| 6 | Заштитни двослојни маски за лице за еднократна употреба со ластиче | 50 броја во едно пакување | пакување | 914,97 | 164,69 | 1079,66 | Еита Текс, Македонија |
| 7 | Заштитен визир составен од 2 дела, горен дел држач на глава со ластик, преден дел (бариера) изработен од акрилон (просирна пластика) | парче | парче | 82,35 | 14,82 | 97,17 | Еита Текс, Македонија |
| 8 | ПВЦ Скафандер за повеќекратна употреба, непропустлив од вода, се дезинфецира со средство за дезинфекција | парче | парче | 269,90 | 48,58 | 318,48 | Еита Текс, Македонија |

ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА
ДЕЛ2. Набавка на опрема за дезинфекција за спречување зараза од Коронавирус-Ковид 19

| Ред. бр. | Вид на стока (вид на средство за дезинфекција) | Ед.мерка | количина | Единична цена | ддв | Единечна цена со вклучен ддв | Производител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Рампа за дезинфекција на возила - 6 метални дизни за прскање, 2 пумпи,напојување од 220 волти, контролер, оптички сензор, метални носачи, црево ф-6мм, резервоар за течност од мин.50л. | Број | 1 | 50.760,00 | 9.136,8 | 59896,8 | Креатива СГС |
| 2 | Рампа за дезинфекција на возила - 2 метални дизни за прскање, 1 вап пумпа со висок притисок,напојување од 220 волти, контролер, оптички сензор, метални носачи, црево ф-6мм, резервоар за течност од мин.50л. | Број | 1 | 58.491,00 | 10.528,38 | 69019,38 | Креатива СГС |
| 3 | Рампа за дезинфекција на луѓе - 8 метални дизни за прскање, 2 пумпи, контролер со напојување за елетроника од 220 волти и за пумпи од 12волти, оптички сензор, метална конструкција опшиена со алексан плочи, црево ф-6мм | Број | 1 | 71.820,00 | 12.927,6 | 84747,6 | Креатива СГС |
| 4 | Рампа за дезинфекција на луѓе - 8 метални дизни за прскање, 2 пумпи, контролер со напојување за елетроника од 220 волти и за пумпи од 12волти, оптички сензор, метална конструкција опшиена со церадно платно, црево ф-6мм | Број | 1 | 79.884,00 | 14.379,12 | 94263,12 | Креатива СГС |

***за Продавачот,***
***Управител,***

***( Татјана Величкова )***

***за Купувачот,***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи–Венцо Бојков*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*